**<u>ПРЕДЛОГ 15</u>**

Врз основа на член 333 став 1 од Законот за трговските друштва и член 25 и 50 од Статутот на РЕПЛЕК АД Скопје, Собранието на акционери на РЕПЛЕК АД Скопје, на седницата одржана на ден 25.04.2024 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**за стекнување сопствени акции со откуп**

Член 1

Се одобрува стекнување на најмногу 2.592 сопствени акции, по најниска цена по акција од 34.698,00 денари односно највисока цена по акција од 150.000,00 денари;

Член 2

Откупот на акциите ќе се изврши во времетраење од најмногу 12 (дванаесет) месеци од денот на донесувањето на оваа Одлука.

Во случај на спроведена поделба на акциите Друштвото во периодот во кој ќе се врши откупот на акциите наведени во член 1 на оваа Одлука, во тој случај се одобрува стекнување на сопствени акции во број и по цена на акција пресметана пропорционално на извршената поделба на акцијата;

Член 3

Вкупниот број на сопствени акции на Друштвото не смее да надмине повеќе од една десетина од основната главнина;

Член 4

Купувањето на акции спротивно на оваа Одлука е ништовно;

Член 5

Правата од стекнатите сопствени акции мируваат се до моментот на нивното оттуѓување;

Член 6

Се овластува Управниот одбор на Друштвото да донесе одлука за назначување на лице овластено во име на друштвото да ги превзема и врши потребните активности околу купувањето на акциите преку Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје;

Се овластува Управниот одбор на Друштвото по целосно спроведување на постапката за поделба на акциите да ја усогласи минималната и максималната вредност од член 1 на оваа Одлука со номиналната вредност по поделбата на акциите, како и да го усогласи бројот на акциите кои ќе бидат предмет на откуп согласно бројот на поделените акции.

Член 7

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

Претседавач

______________________